**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Бр. 03-3728/1

Скопје 14.10.2021г.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

До: ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Предмет: Дневен извештај

Почитувани,

Согласно обврските од членот 76-в став 2 од Изборниот законик и нашиот меѓуинституционален Меморандум за соработка, склучен на 04.02.2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го доставува дневниот извештај за **13 октомври 2021** година.

Во него информираме дека Агенцијата одговори на барање за мислење од политичката партија „Алијанса за Албанците" за спот наменет за платено политичко рекламирање. Имајќи го предвид член 76 став 3 од Изборниот законик, Агенцијата потсети дека емитувањето ППР со малолетници е забрането и оти со последните измени на Изборниот законик утврдено е дека: „учесникот во изборната кампања е одговорен за содржината на огласите, соопштенијата, рекламите и другиот снимен материјал чиј нарачател се, а кои се емитуваат или објавуваат во платеното и бесплатното политичко претставување".

Срдечен поздрав,

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Директор

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ